# Интеркултурна комуникација

*Wendy Leeds-Hurwitz*
*Director, Center for Intercultural Dialogue, USA*

## Што е тоа?

Интеркултурна комуникација опишува која било интеракција помеѓу два или повеќе членови на различни културни групи (интернационални, интеррелигиозни, интеретнички, меѓурасни). Понекогаш како синоним се употребува и меѓукултурна комуникација, која технички, всушност подразбира споредба на две или повеќе култури. Секоја култура обезбедува на своите членови  посебен начин на живот, кој вклучува јазик, однесување, материјална култура, идеи и верувања, кои тие ги пренесуваат на идните генерации. Така, кога членови на различни културни групи доаѓаат во контакт, честопати, тие откриваат дека нивните очекувања се значително различни.

## Кој го употребува овој концепт?

Интеркултурната комуникација е нашироко проучувана во рамките на студиите по Комуникација, каде што истражувањата претежно ставаат акцент на меѓународниот бизнис или на меѓународните студентски контексти. Лингвистиката, странските јазици и катедрите по Англиски јазик надвор од УСА, честопати ја ставаат интеркултурната комуникација во основите на изучувањето на странски јазици и култури. Во овие дисциплини преовладува изразот „јазик и интеркултурна комуникација." Почетните студии го истражуваат јазикот, невербалното однесување и концептите како културниот шок, стереотипите и предрасудите, но сега современите студии истражуваат пошироки теми, како што се, идентитетот, миграцијата, здравствената комуникација, интеркултурните врски, туризмот и интеркулурните употреби на новите медиуми.

## Соодветство со интеркултурниот дијалог

Иако интеркултурната комуникација понекогаш се третира како синоним за интеркултурен дијалог, пологично е дека таа опфаќа секаков вид на комуникација помеѓу припадници на различни културни групи. Тогаш, интеркултурниот дијалог ги опишува оние времиња во кои поединците експлицитно се обидуваат да ги решат разликите во нивните културни претпоставки. На таков начин, интеркултурната комуникација обезбедува поширок контекст во чии рамки се случува интеркултурниот.

## Каква работа преостанува?

Во однос на прибирањето податоци, најкритичната задача која останува е да се истражат повеќе примери на реални интеркултурни интеракции. Во однос на теоријата, само неколку оригинални перспективи се земени предвид. Треба да бидат интегрирани трудовите на научници од различни дисциплини.



Originally published in 2014; translated into Macedonian in 2020.

# Извори

Asante, M. K., Miike, Y. & Yin, J. (Eds.), (2014). *The global intercultural communication reader* (2nd ed.). New York: Routledge.

Gonzalez, A., Houston, M., & Chen, V. (Eds.). (2011). *Our voices: Essays in culture, ethnicity and communication*. Cambridge: Oxford University Press.

Martin, J., N. & Nakayama, T. K. (2013). *Experiencing intercultural communication: An introduction*. New York: McGraw-Hill.

**Преведувач: Емилија Јовановска**



Originally published in 2014; translated into Macedonian in 2020.